ОСНОВЕН СУД РАДОВИШ
Су. бр.437/2020-2
15.12.2020 год.
Радовиш

Претседателот на Основен суд Радовиш, Лила Цветаноска, врз основа на член 17 ст.1 и чл.36 од Законот за судска служба , по спроведената постапка по објавениот Јавен оглас бр.2/2020, за вработување на судски службеник, за работно место „судски референт-дактилограф “ еден (1) извршител, по доставениот Предлог за најдобро рангирани кандидати на Комисија за селекција за вработување од 15.12.2020 година, на ден 15.12.2020 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

За работното место „ судски референт-дактилограф “ категорија Г , ниво Г3 ,еден (1) извршител, на неопределено време, се избира кандидатот:

Јасна Ивановска од Радовиш

Решение за вработување на неопределено време на избраниот кандидат ќе се донесе по правосилноста на оваа одлука.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на Основен суд Радовиш во дневните весници „Вечер“ и ,,Лајм“ од 14.11.2020 година, објавен е Јавен оглас бр.2/2020 за вработување на судски службеник за работно место бр.1. „Судски референт-дактилограф, еден (1) извршител.

По спроведената постапка за вработување од страна на Комисијата за селекција за вработување, согласно Законот за судска служба и Правилникот за форма и содржина на јавниот оглас, формата, содржината и начинот на поднесување на пријавата, на спроведување на административната селекција, на испитите, проверката на веродостојност на доказите и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови во постапката за селекција во зависност од категориите на работни места, како и други прашања во врска со постапката за вработување на судски службеници, до Претседателот на судот, доставен е Предлог за најдобро рангирани кандидати од 15.12.2020 година, за работно место „ Судски референт-дактилограф“.

Во Предлогот на кандидат за вработување, Комисијата за селекција за вработување, за вработување го предложи кандидатот Јасна Ивановска од Радовиш како прв рангиран кандидат од ранг листата.

Претседателот на судот, имајќи го во предвид Предлогот за најдобро рангирани кандидати од 15.12.2020 година, доставен од Комисијата за селекција за вработување, согласно чл.35 ст.1 од Законот за судска служба, за работното место ,,Судски референт-дактилограф“, еден (1) извршител, како и имајќи го во предвид чл.17 и чл.36 ст.1 од истиот закон, одлучи како во изреката на оваа одлука, односно, го избра кандидатот Јасна Ивановска од Радовиш, како најдобро рангиран кандидати по спроведената постапка по Огласот бр.2/2020 .

Претседател на суд,
Лила Цветаноска

ПРАВНА ПОУКА:

Против оваа одлука ,кандидатот кој не е избран има право на жалба во рок од 8 дена од прием на известувањето, преку овој суд до Советот на судска служба.

Д-Но

-избран кандидат

Огласна табла и

-Веб страна на судот